# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2022

ЗЕЛС

ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ
НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

тел. +389 (0)2 30 99 033 / факс: +389 (0)2 30 61 994
ул.Копенхагенска бр.5, п.фах 32, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
www.zels.org.mk / contact@zels.org.mk



Почитувани,

Оваа 2022 година мина во знакот на одбележување на јубилејот на ЗЕЛС -50 години од основањето, но и во знакот на справување на општините со сериозните предизвици од енергетската криза. Управниот одбор на ЗЕЛС (УО) на речиси секоја, од вкупно 11 одржани седници дискутираше за изнаоѓање на најсоодветни начини за справување на општините со високите сметки за електрична енергија (повисоки и за пет, шест пати), непречено обезбедување на улично осветлување и спроведување на услугите за граѓаните преку јавните комунални претпријатија. Управниот одбор уште на почетокот на годината донесе предлог- мерки и истите ги достави до Владата на РСМ со цел изнаоѓање на взаемно прифатливи чекори во интерес на сите граѓани. Иако беа одржани три средби со претставници од Владата на РСМ, од кои на втората учествуваше целиот состав на Управниот одбор, Премиерот, Ковачевски и соодветни ресорни министри, сепак ниту да крајот на годината, не беше обезбедена поддршка од централната власт за општините. Напротив, општините беа неосновано изложени на постојани обвинувања од страна на Владата. Со донесувањето на новиот Тарифник на цени на струјата, во кој беше изоставена категоријата „улично осветлува", како и со донесувањето на Одлуката за преземање на мерки во услови на постоење на кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија, од страна на Владата на РСМ беа укинати и оние активностите што ги презедоа општините, за ублажување на катастрофалните последици. Во таа насока ЗЕЛС поднесе иницијатива до Уставниот суд за преиспитување на уставноста и законитоста на Одлуката, но одговор не доби. Дел од иницијативите на членови од УО одеа во насока на преземање и на поригорозни мерки, за што ЗЕЛС спроведе и анкета по општините, но како што беше изнесено на третата седница на Генералното собрание, не беше постигнат консензус за преземање на „похрабри" чекори.

Сепак од преговорите и средбите што ги оствари ЗЕЛС со Владата на РСМ, со Регулаторна комисија, со претставници од министерствата за финансии и за економија, со Централен регистер и со претставници од ЕВН имаше и неколку позитивни резултати. Беше овозможено општините да формираат претпријатија за обезбедување на електрична енергија од обновливи извори на енергија, а основните и средните училишта и јавните претпријатија за снабдување со вода беа префрлени на регулиран пазар.

Во текот на 2022 година Управниот одбор ги ревидираше СИСТЕМАТИЗИРАНИТЕ СТАВОВИ на ЗЕЛС, документ во кој се утврдуваат актуелните приоритетни политики на ЗЕЛС за лобирање пред централната власт. Исто така, беше составен и нов предлог на Меморандум за соработка меѓу ЗЕЛС и Вадата на РСМ. И двата документа беа испратени до Владата на разгледување. Во месец октомври беше донесен нов Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа, кој иако не ги исполнуваше сите барања на ЗЕЛС, сепак обезбеди мало покачување на финансиските средства од ДДВ и од персоналниот данок. На крајот на годината Генералното собрание на ЗЕЛС донесе одлука за зголемување на членарината на ЗЕЛС за два денара.

Во согласност со Акцискиот план на ЗЕЛС за 2022 година беа реализирани активности во делот на јакнење на капацитетите на општинската администрација и на непречено користење на електронските услуги. Сите овие активности и резултатите реализирани во текот на годината, како и податоците за приходите, расходите и ревизорскиот извештај за 2022 година се прикажани на транспарентен начин и во ова издание на „Годишниот извештај на ЗЕЛС за 2022 година"

**Душица Перишиќ,**
**извршен директор на ЗЕЛС**

50 години заедно со општините

ЗЕЛС

# ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА - ЗЕЛС

# 1 ЗА ЗЕЛС

Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија – ЗЕЛС е непрофитна организација и единствена национална асоцијација во земјава, во која доброволно членуваат сите 80 општини и Град Скопје, како посебна единица на локалната самоуправа. Основана е во 1972 година. За ефикасно функционирање на Заедницата, во Статутот на ЗЕЛС  се утврдени следниве органи:

- Генерално собрание, составено од 90 делегати
- Управен одбор, составен од 22 члена
- Надзорен одбор, составен од 6 члена и
- Комитет на советите, составен од  9 члена.

ЗЕЛС ги застапува интересите на сите локални власти од земјава пред централната власт. Лобирањето претставува најважната активност на ЗЕЛС за унапредување на развојот на локалната самоуправа, преземање на нови надлежности, како и обезбедување на поголема финансиска стабилност на ЕЛС. Претставници на ЗЕЛС остваруваат средби со претставници на Владата на РСМ, а преку постојната парламентарна Комисија за локална самоуправа во Собранието на РСМ, ЗЕЛС соработува и со народните пратеници од законодавниот дом.

Во согласност со своите стратегиски цели, ЗЕЛС во континуитет се грижи и за зајакнување на капацитетите на општинската администрација, преку ЗЕЛС тренинг центарот (ЗТЦ), а преку ЗЕЛС единицата за поддршка на електронските услуги за општините (ЗЕПЕ) во името на сите општини, го врши одржувањето, како и непреченото користење  на информациските системи.



**Стратегиските цели на ЗЕЛС се:**

1. ЗАСТАПУВАЊЕ И ЛОБИРАЊЕ
2. УСЛУГИ
3. ГРАДЕЊЕ И ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИ НА ЕЛС

ЗЕЛС дејствува и во меѓународни рамки. Таа е членка на: ЦЕМР – Совет на европските општини и региони; на НАЛАС - Мрежа на националните асоцијации на локалните власти од земјите во Југоисточна Европа и на АЛДА - Асоцијација на агенции за локална демократија. ЗЕЛС ја има улогата на Секретаријат на делегатите од РСМ во Конгресот на локалните и регионалните власти на Советот на Европа  и во Заедничкиот консултативен комитет меѓу Република Северна Македонија и Комитетот на регионите на Европската Унија.



# 2 АКТИВНОСТИ НА ОРГАНИТЕ НА ЗЕЛС

## ГЕНЕРАЛНО СОБРАНИЕ НА ЗЕЛС

*Во текот на 2022 година беа одржани две седници на Генералното собрание на ЗЕЛС. Според Статутот на ЗЕЛС, делегати на ова тело се сите градоначалници и деветте членови на Комитетот на советите при ЗЕЛС.*




### ВТОРА СЕДНИЦА НА ГЕНЕРАЛНО СОБРАНИЕ НА ЗЕЛС *( 26 АПРИЛ 2022 ГОДИНА, СКОПЈЕ)*

На денот на одбележување на јубилејот -50 години од основање на ЗЕЛС, 26 Април, Генералното собрание на ЗЕЛС ја одржа втората седница. Претседателката на ЗЕЛС Данела Арсовска, пред делегатите ги презентираше активностите на Управниот одбор во изминатите пет месеци. Како сериозна закана за планираниот развој и за ликвидноста на речиси сите општини беше посочено влијание на енергетската криза. За Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, што е во собраниска процедура, беше посочено дека не ги исполнува барањата на ЗЕЛС и не обезбедува поголема финансиска независност на општините. До општините беше испратен апел редовно да доставуваат свои предлози и ставови на сите предлог- закони, документи и барања што ЗЕЛС електронски им ги испраќа на разгледување. Присутните ги усвоија извештаите за финансиско работење и за реализација на активностите на ЗЕЛС за 2021 година, како и Ревизорскиот извештај. Беше испратен апел, општините редовно да ја плаќаат членарината кон ЗЕЛС .












## ТРЕТА СЕДНИЦА НА ГЕНЕРАЛНОТО СОБРАНИЕ НА ЗЕЛС *(16 ДЕКЕМВРИ, 2022 ГОДИНА, СКОПЈЕ)*

Делегатите на оваа седница на Генералното собрание изгласаа зголемување на членарината за ЗЕЛС за два денара, со што општините ќе плаќаат 10 денари по жител, според бројот утврден во последниот попис спроведен во државата. На седницата беа изнесени и приоритетите во работењето на ЗЕЛС за следната година. Дел од делегатите изразија одредено незадоволство од постигнатите резултати од работењето на Управниот одбор на ЗЕЛС, на што беше забележано дека подобро работење ќе се постигне со поголема одговорност, храброст и ангажираност на секој член поединечно и со консензуалност во донесувањето на одлуките.  Присутните го усвоија Финансискиот и Акцискиот план за работењето на ЗЕЛС за следната година.



## УПРАВЕН ОДБОР НА ЗЕЛС

*Управниот одбор на ЗЕЛС ( УО) има 22 члена, чиј мандат е во траење од 4 години. Членовите се градоначалници и тројца советници кои се избираат од редот на членовите на Комитетот на Советите, од кои само еден со право на глас. Претседателот на Надзорниот одбор на ЗЕЛС може да присуствува на седниците на Управниот одбор на ЗЕЛС, без право на глас. Во текот на 2022 година Управниот одбор одржа 11 седници.*

## ВТОРА СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЗЕЛС *(10 ЈАНУАРИ, 2022 ГОДИНА, ОНЛАЈН)*




На оваа седница Управниот одбор донесе предлог –мерки за справување на општините со енергетската криза и ги достави до Владата на РСМ  заедно со барање за одржување на итна заедничка средба за изнаоѓање на взаемно прифатливи решенија. Предлог –мерки беа изнесени и пред јавноста, на прес-конференција што ја одржа раководството на ЗЕЛС во административната зграда на ЗЕЛС.

Присутните дискутираа и за огромниот финансиски товар на општините,  особено на помалите, од обврската за плаќање на надоместоците за членовите на комисиите што учествуваат во изборниот процес. Беше нагласена потреба за покренување на  законски измени, во насока исплатата да ја врши Државна изборна комисија, од причина што е надлежна за спроведување на локалните избори и за утврдување на  висината на надоместоците.

## ТРЕТА СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЗЕЛС *(28 ЈАНУАРИ, 2022, ОНЛАЈН)*




Присутните беа информирани за средбата меѓу претставници од ЗЕЛС со претставници од Владата на РСМ што се одржа на 18 јануари, 2022 година. Освен предлог –заклучоците, ЗЕЛС приложи и податоци за високите сметки што општините ги плаќаат за електрична енергија. Средбата заврши без конкретни решенија за поддршка на општините, само со ветување дека ќе бидат разгледани предлозите на ЗЕЛС и  дека ќе се разговара со  Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги за изнаоѓање на взаемно прифатливи решенија. Од општините беше побарано да направат ребаланс на буџетот за обезбедување на дополнителни средства за плаќање на зголемените трошоци за струја. Бидејќи Владата и по 10 дена не достави одговор, УО на ЗЕЛС донесе заклучок за повторно реафирмирање на овие барања.

На оваа седница беа избрани нови членови во осум, од единаесет домашни и странски тела во кои ЗЕЛС номинира свои претставници. Пред присутните беа презентирани предлог - измените на СИСТЕМАТИЗИРАНИ СТАВОВИ на ЗЕЛС, документ во кој се утврдуваат актуелните приоритетни политики на ЗЕЛС за лобирање пред централната власт за натамошен развој на децентрализацијата и за подобрувањето на квалитетот на спроведувањето на префрлените надлежности. На седницата беше покрената и иницијатива за изработка на нов текст на Меморандум за соработка меѓу ЗЕЛС и Владата на РСМ, од причина што актуелниот Меморандум е склучен во 2003 година и не ги одразува сите механизми на меѓусебна задолжителна консултација и соработка. Стручната служба на ЗЕЛС беше задолжена и за двата документа да изврши консултација со сите општини и да обезбеди мислење за нивната содржина.

Голем број на општини не ги добиле средствата од комуналната такса за улично осветлување, чија уплата, во согласност со Меморандумот за соработка склучен во 2008 година меѓу ЗЕЛС и ЕВН, треба да биде најдоцна до средината во месецот. Управниот одбор упати барање до ЕВН да ја спроведува оваа обврска, како и посебно барање до Регулаторната комисија за енергетика да го задолжи ЕВН да достави преглед на податоците за имателите на броила, бројот на нови приклучоци и долгот на имателите на броила, по основ на комунална такса, за секоја општина посебно.

## ЧЕТВРТА СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЗЕЛС *(15 ФЕВРУАРИ, 2022 ГОДИНА, СКОПЈЕ)*

Присутните беа информирани за остварената средба на претставници од Управниот одбор на ЗЕЛС со раководни лица од ЕВН Македонија на која освен за обврската на ЕВН навремено да ја врши уплатата на општините од собраната такса за улично осветлување, се говореше и за актуелната практика на ЕВН да го изоставува долгот  за уличното осветлување, при поведување на тужбена постапка за ненаплатени сметки за електрична енергија кон граѓаните. Општините на кои компаниите што вршат снабдување со електрична енергија



еднострано им го раскинале договорот, треба да отворат нова тендерска постапка заради што побараа совет како да обезбедат најповолна понуда. Претставниците од ЕВН посочија да се внимава  периодот на важност на понудените цени да биде со краток рок или да ја димензионираат јавната набавка, така што критериум за избор би бил процентот на зголемување на цената, над берзанската цена.

Управниот одбор ја нагласи потребата од редефинирање на системот за финансирањето на единиците на локалната самоуправа, бидејќи токму повеќедецениското потценување на локалната власт и нејзиното држење во финансиска зависност, ги доведува општините во колапс. Општините стравуваат дека наскоро нема да можат да ги платат високи сметки за електричната енергија, да го одржуваат јавното осветлување, да  ја спроведуваат услугата за снабдување со вода за пиење, да обезбедат непречено работење на прочистителните станици, непречена реализација на образовниот процес и друго. Во таа насока Управниот одбор донесе заклучок да се лобира кај пратениците во Собранието на РСМ, преку амандмани да дејствуваат за подобри решенија во Предлог на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, кој е во собраниска процедура. Ставот на ЗЕЛС е  10% од зафаќањето од ДДВ и најмалку 50% од данокот на доход да одат кај општините. Присутните предложија да се испрати во јавноста порака за причините што ги донесоа општините во неиздржлива состојба од енергетската криза. Исто така, беше предложено да се преземат и мерки за рестрикција на јавното осветлување, како концепт што би требало да биде спроведен од сите општини, во исто време.

Беше заклучено да се упати писмено потсетување до потпретседателот на Владата, Фатмир Битиќи, да го реализира неговото јавно ветување дека Владата во најкраток рок ќе ги обезбеди податоците за сопственоста на објектите од евиденцијата во јавните книги од Агенцијата за катастар на недвижности и истите ќе им бидат бесплатно достапни на единиците на локалната самоуправа заради утврдување на Решенијата за даноците на имот,  што е всушност повеќегодишно барање на ЗЕЛС.

УО донесе заклучок да се формира тим од стручни лица од областа на урбанизмот од повеќе општини кои прецизно ќе ги разгледаат измените на дел од правилниците за урбанистичко планирање и Уредбата за висината на цената на градежното земјиште, по што ќе понудат соодветни предлог- решенија, што ќе ги разгледа УО на ЗЕЛС  и ќе служат за натамошна основа за разговори со  Министерството за транспорт и врски.

На сеница беа избрани и 11 членови и 11 нивни заменици во Делегацијата на ЗЕЛС во Заедничкиот консултативен комитет меѓу Република Северна Македонија и Комитетот на региони на Европската Унија; членови во Комитетот за следење на ИПАРД програмата и во Совет за земјоделство и рурален развој: како и одреден број на членови во  Лоби групата на ЗЕЛС за родова еднаквост. Пред присутните беа изнесени неколку предлог -активности за одбележувањето на 50 години од основање на ЗЕЛС (26 Април- Ден на ЗЕЛС и Ден на општините)

## ПЕТТА СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЗЕЛС *(9 МАРТ, 2022 ГОДИНА, СКОПЈЕ)*

Членовите на Управниот одбор изразија незадоволство што Владата се уште не одговорила на барањата за заедничка средба. Беше нагласено доколку во рок од седум дена не се добие позитивен одговор, Управниот одбор веднаш ќе се состане и ќе дискутира за начинот и формата на воедначено постапување на сите општини. На седницата беа усвоени и СИСТЕМАТИЗИРАНИТЕ СТАВОВИ на ЗЕЛС. Овој документ заедно со реафирмираното барање за одржување на итна заедничка средба, беа испратени до Владата на РСМ.



Реафирмирано беше и барањето до Владата да преземе мерки за обезбедување на бесплатни податоци на општините од Агенцијата за катастар на недвижности, а ЗЕЛС да изготви предлог- иницијатива за измена на потребните прописи. Присутните беа информиран и дека ЗЕЛС веќе неколку пати бара од Владата да обезбеди софтверска апликација за спроведување на постапките, согласно Законот за даноците на имот. На седницата се дискутираше и за иницијативата за самостојно утврдување на висината на бодот за поединечни звања од општинската администрација.

### ШЕСТА СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЗЕЛС *( 13 АПРИЛ, 2022 СКОПЈЕ)*

Управниот одбор го прифати текстот на Предлог- Меморандум за соработка меѓу ЗЕЛС и Владата на РСМ и заклучи истиот веднаш да се достави на разгледување до Владата на РСМ. Беше предложено, потпишување да биде организирано на свеченоста по повод одбележување на 50-годишнината од основањето на ЗЕЛС.



Управниот одбор ја усвои информацијата за текот на прибирање на податоците за бројот на вработени и број на издадени Решенија за данок на имот за правни и физички лица во општините, што ќе послужат за анализа и добивање реални показатели за воведување на централен информациски систем за управување со постапките за даноци на имот. Воведувањето на овој систем во голем обем ќе ја зголеми ефикасноста, но и приходите на општините по овој основ, а процесот ќе го направи потранспарентен. Управниот одбор на ЗЕЛС, едногласно ги усвои Финансискиот и Акцискиот извештај на ЗЕЛС за 2021 година, а беше презентиран и Ревизорскиот извештај за претходната година, што треба да бидат усвоени на следната седница на Генералното собрание на ЗЕЛС .

### СЕДМА СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЗЕЛС *( 30 МАЈ, 2022 ГОДИНА СКОПЈЕ)*

Управниот одбор донесе заклучок во најкус рок да се организира средба со претставници од ЕВН. Причина е што ЕВН ги одбива доставените барањата од општините, чии совети донеле одлуки одржувањето на уличното осветлување да го пренесат на ЈКП, кои во согласност со закон, електричната енергија ја набавуваат од регулираниот пазар. Овој чекор на општините наиде на неосновани реакции од Владата и од претседателот на Регулаторна комисија за енергетика, кои беа пренесени во медиумите, со што неосновано беше нарушен угледот на општините.



Иако Управниот одбор одржа состанок со Владата на РСМ, а до Министерството за економија ги достави бараните податоци за потрошени киловат часови струја на општините за секој месец во 2021 година, одговор од Владата се уште немаше . Беше предложено, да се размисли за враќање на овие надлежности на централната власт. Во таа насока УО донесе заклучок ЗЕЛС да спроведе анкета во сите општини, со доставување на прашалник, дали општината може да ги покрие сите трошоци со сегашните блок дотации за образование, за градинките и за противпожарните единици и доколку не може, да се изјасни дали размислува за враќање на овие надлежности на централната власт. Беше предложено да се актуелизира прашањето околу потпишување на Меморандум за соработка со Владата и исполнување на барањата на општините преточени во Систематизирани ставови на ЗЕЛС.

Управниот одбор ја прифати изнесената иницијатива за изменување на Законот за просторно и урбанистичко планирање, посебно членот 45, кој се однесува на постапката за избор на изработувачот на урбанистичките планови и урбанистичките проекти. Истата е доставена до Министерството за транспорт и врски.







**ОСМА СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЗЕЛС** *(12 ЈУЛИ, 2022 ГОДИНА, СКОПЈЕ)*

Управниот одбор дискутираше за предизвиците што произлегоа околу пресметката на висината на комуналната такса за улично осветлување, поврзана со новиот тарифен модел за цените на електрична енергија, каде е изоставена категоријата на цената на јавното осветлување. ЕВН испрати писмо до сите релевантни институции и до ЗЕЛС, во кое извести дека до усогласување на законските и подзаконските акти кои ја уредуваат наплатата на комуналната такса за улично осветлување, тие ќе наплаќа по цените што биле во сила пред поскапувањето на електричната енергија, односно што важеле до 30 јуни, 2022 година. Причина е што Законот за комуналните такси, во членот 20, тарифен број 10 не го уредува износот на комуналната такса изразен во егзактни вредности, туку го утврдува пресметковниот критериум. Заради овој правен вакуум на седницата беа повикани и присуствува претставници од Министерството за финансии кои укажаа дека иако се надлежни за уредување на прашањата од оваа област, сепак за висината на комуналната такса мора предлог да дадат општините. Управниот одбор на ЗЕЛС на седницата донесе заклучок, висината на комуналната такса да се утврдува по цена за соодветно утврден kw/h по потрошувач, која треба да биде изразена како просечна цена на високата и ниската тарифа за мал потрошувач, зголемена за тарифата за пресметковни елементи за активна електрична енергија за категорија на потрошувачи LV 1.1. За овој став беше испратено писмено известување до Владата на РСМ, Регулаторна комисија и другите релевантни институции.

Управниот одбор донесе заклучок ЗЕЛС во претстојниот период да оствари средба со претставници од Централен регистар на РСМ; Регулаторната комисија за енергетика и од Министерството за економија на која ќе се разговара за можностите општините да вршат дејност – производство на електрична енергија од обновливи извори. Ова е начин за справување со енергетската криза и можност општините поефикасно да ги искористат европските расположливи зелени фондови.

Управниот одбор на ЗЕЛС го реафирмира барањето пред Министерството за одбрана на РСМ за неодложно решавање на прашањето со дотацијата на средствата за финансирање на надлежноста во областа на противпожарната заштита, а особено прашањето за платите и надоместоците на вработените пожарникари. На Министерство за одбрана ЗЕЛС му испрати конкретни податоци за финансискиот јаз меѓу префрлените и законски потребни средства за исплаќање на противпожарните служби, како и за тужбите од пожарникарите и казните изречени од инспекторите за констатирани недостатоци во противпожарните единици.

**ДЕВЕТТА СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЗЕЛС** *(24 АВГУСТ, 2022 СКОПЈЕ)*

Управниот одбор донесе заклучок за итен состанок со Владата и сите ресорни министерства заради презадолженоста на јавните претпријатија и опасноста од одложено започнување на школската година, како резултат на недостаток на средства за електрична енергија, греење и превоз на ученици. Воедно Управниот одбор на седницата даде поддршка на предлозите што ги изнесоа претставници од АДКОМ.



Управниот одбор донесе Одлука за избор на двајца дополнителни членови во Комисијата за следење на системот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, кои истовремено се и членови на Комисијата за финансирање при ЗЕЛС, во согласност со измените утврдени во Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

Управниот одбор ја усвои предложената иницијатива со која се предлага измена на Законот за градежното земјиште во делот со кој се уредува постапката на отуѓување на градежно земјиште со непосредна спогодба заради дооформување на градежна парцела. Актуелната одредба утврдува услов, барателот да има во своја сопственост најмалку 30% од градежната парцела. Предложената иницијатива е да се направи измена и да стои „"најмалку 70%". Упатено беше барање до Министерството за транспорт и врски, како овластен предлагач, да отпочне постапка на соодветно изменување и дополнување на овој Закон.

Управниот одбор ја разгледа Предлог -методологија за утврдување на висината на платите на пожарникарите во земјата, доставена од Министерството за одбрана ( МО). Методологијата е утврдена врз основа на постојниот Правилник што се применува во Гадот Скопје со тоа што врз основа на Закон оваа надлежност за уредување на ова прашање би се утврдила на МО, односно Владата. Со донесување на ваква методологија се очекува да запрат и судските постапки во однос на висината на платите и надоместоците на плата кои, според информациите што општините ги праќаат до ЗЕЛС, драстично ги зафаќаат општинските буџети, особено на помалите општини. Стручната служба на ЗЕЛС беше задолжена пристигнатите мислења од општините да ги достави до МО.

## ДЕСЕТТА СЕДНИЦА НА УПРАВЕН ОДБОР НА ЗЕЛС *(10 НОЕМВРИ, 2022 ГОДИНА СКОПЈЕ)*



Управниот одбор ја разгледа состојбата настаната со донесената Одлука на Владата на РСМ, со која им се забранува на единиците на локалната самоуправа да основаат јавно претпријатие, ДОО или акционерско друштво за вршење дејност од јавен интерес, кое би се снабдувало со електрична енергија од регулираниот пазар, а оние кои веќе основале вакви претпријатија, се задолжуваат во рок од осум дена од влегувањето во сила на Одлуката, да спроведат соодветни активности за престанување на важење на актите со кои ги основале ваквите претпријатија. Членовите на Управниот одбор остро реагираа на ваквиот акт кој е во спротивност со легислативата за локална самоуправа и други закони и донесе заклучок ЗЕЛС да поведе постапка за оценување на уставноста на вака донесената Одлука, со утврдување на предлог за донесување на времена мерка со која ќе се запре примената на истата.

Управниот одбор ја разгледа состојбата поврзана со наплата на комуналната такса за улично осветлување и констатираше дека во услови на недостаток на регулирана цена и наплата на комуналната такса по цена која важела пред 1 јули 2022 година, општините генерираат огромни загуби. Оттука ЗЕЛС упатува барање до сите релевантни институции, да го решат ова прашање и да пропишат цена, што ја предложи ЗЕЛС, односно таа да биде средната цена од дневната и ноќната тарифа која се наплатува за броила во сопственост на домаќинство.

На оваа седница беше инициран предлог за зголемување на висината на членарината кон ЗЕЛС од постојните 8, на 10 денари по жител, поради влијанието на економската и енергетската криза врз расходите на ЗЕЛС, а особено поради намалувањето на бројот на жителите утврдено со последниот попис, и истиот го стави на дневен ред за гласање на следната седница на Генералното собрание на ЗЕЛС .

## ЕДИНАЕСЕТТА СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЗЕЛС *(7 ДЕКЕМВРИ, 2022 ГОДИНА, СКОПЈЕ)*

Управниот одбор дискутираше за писмениот допис од Електродистрибуција, ДООЕЛ, Скопје, во кој се известуваат општините, дека во согласност со Одлуката на Владата, ЕВН направил список на корисниците што треба да извршат враќање на направените промени, односно да се снабдуваат со електрична енергија од снабдувач на либерализираниот пазар на електрична енергија. Доколку не го сторат тоа, од 1 јануари 2023 година ќе бидат снабдувани од страна на снабдувач во краен случај. На седницата присуствуваше и директорот на Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје кој информираше дека компанија е должна да ги почитува Одлуките кои се донесени согласно



прогласената кризна состојба во областа на снабдувањето со електрична енергија. Беше посочено доколку општините сметаат дека им се повредени правата по било кој основ, да вложат соодветен приговор до Електродистрибуција.

Управниот одбор на ЗЕЛС донесе заклучок да се испрати писмо до Државниот просветен инспекторат да ги преземе сите потребни дејства за да се создадат услови за организирање на испит за стекнување со лиценца за положен испит за директор на училиште. Причина е поништувањето на постапката на полагање и стекнување со лиценци на 400 лица, од страна на Државниот просветен инспекторат.

На седницата беше усвоен Планот за јавни набавки за 2023 година и предлозите: на Буџет и на Акциски план на ЗЕЛС за 2023 година. И покрај бројните средби одржани со претставници од Министерството за финансии, Министерството за економија, Регулаторната комисија за енергетика и ЕВН Македонија, се уште не е најдено решение за правниот проблем поврзан со пресметката на комуналната такса за улично осветлување, поради што општините трпат огромни штети. Управниот одбор го реафирмираше барањето за итна и неодложна средба со сите надлежни институции.

## ДВАНАЕСЕТТА СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЗЕЛС *( 20 И 21 ДЕКЕМВРИ, 2022 ГОДИНА, ОНЛАЈН )*

Управниот одбор повторно дискутираше за состојбите поврзани со наплата на комуналната такса за улично осветлување. Беше укажано дека со Законот за комуналните такси, висината на комуналната такса, може да се утврди и со одлука донесена од советот на општината, односно Советот на градот Скопје. Всушност и министерот за локална самоуправа, Ристо Пенов, на претходно одржаната средба со претставници од ЗЕЛС, го упати истиот предлог. Управниот одбор на ЗЕЛС заклучи дека во овој момент не е целисходно да се пристапи кон зголемување на комуналната такса за улично осветлување заради наметнување на дополнителни давачки за граѓаните. Заради решавање на проблемот што е неодложна потреба за општините, ЗЕЛС бара итна средба со Министерот за економија, Крешник Бектеши, на која ќе биде изнесен ставот на Управниот одбор општините да бидат снабдувани со електрична енергија од ЕСМ, по цена на произведена електрична енергија, а не според цените на краен давател на услуга, што всушност претставува берзанска цена на електричната енергија зголемена за 20%.




## НАДЗОРЕН ОДБОР НА ЗЕЛС

*Надзорниот одбор на ЗЕЛС во својот состав има шест члена од кои пет се градоначалници и еден е претставник од Комитетот на советите, без право на глас. Претседателот на ова тело може да присуствува на сите седници на Управниот одбор на ЗЕЛС, исто така без право на глас. Во текот на 2022 година ова тело одржа три седници.*




## КОНСТИТУТИВНА СЕДНИЦА НА НАДЗОРЕН ОДБОР НА ЗЕЛС *(26 ЈАНУАРИ 2022 ГОДИНА, ОНЛАЈН)*

На сеницата, за претседател на Надзорниот одбор на ЗЕЛС едногласно беше избран Борче Јовчески, градоначалник на Општина Прилеп. Присутните дискутираа за негативното влијание од зголемувањето на цената на електрична енергија врз финансиската состојба на општините, а беше нагласено дека генерално во општините се намалени и приливите на средства од сопствените приходи. При тоа беше посочено дека во некои општини ЕВН сè уште не префрлиле средства од наплатата на комуналната такса за уличното осветлување, обврска која треба да се реализира до средината на месецот. Присутните беа информирани за средбата на претставници од УО со одредени министри од Владата



## ВТОРА СЕДНИЦА НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ЗЕЛС *( 26 АПРИЛ 2022 ГОДИНА, СКОПЈЕ)*

Присутните ги разгледаа и ги усвоија: Годишниот акциски извештај, Финансискиот и Ревизорскиот извештај на ЗЕЛС за 2021 година. Анализите покажуваат дека најголемиот дел од приходите на ЗЕЛС (75%) се генерирани од членскиот надоместок од општините, каде што наплатата не е на задоволително ниво. Долгот по овој основ изнесува над 35 милиони денари. Беше посочено дека членките на ЗЕЛС, треба редовно и целосно да ја плаќаат членарината кон ЗЕЛС, а оние што имаат долг кон ЗЕЛС по овој основ, можат да потпишат договор за отплата на долгот на рати. Во однос на расходите, од минатата година се забележува дефицит кој беше покриен од заштедите од претходните години и ова генерално се должи на неизвесноста со активностите заради пандемијата, а дел како резултат на застојот околу одржувањето на локалните избори.

## ТРЕТА СЕДНИЦА НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ЗЕЛС *(16 ДЕКЕМВРИ 2022 ГОДИНА)*

На седницата едногласно беа усвоени : Предлог- Буџетот и Акцискиот план на ЗЕЛС за 2023 година. Планираните активности одат во насока на исполнување на стратегиските



цели на ЗЕЛС. Надзорниот одбор го прифати предлогот на Управниот одбор на ЗЕЛС за зголемување на членарината за два денара по жител. Тргнувајќи од резултатите на последниот попис, односно намалувањето на бројот на жители, вкупната сума што ЗЕЛС треба да ја добие по овој основ, генерално нема да биде поголема од постојната.

### КОМИТЕТ НА СОВЕТИТЕ ПРИ ЗЕЛС

*Комитетот на советите при ЗЕЛС, во согласност со Статутот на ЗЕЛС, има 9 члена, односно по еден претставник од 8-те плански региони во РСМ и еден член од Советот на Град Скопје. Комитетот на советите во 2022 година одржа една седница.*




## ВТОРА СЕДНИЦА НА КОМИТЕТОТ НА СОВЕТИТЕ ПРИ ЗЕЛС *( 17 МАРТ, 2022 ГОДИНА)*

Да се утврди целосен концепт на дејствување на Комитетот на советите при ЗЕЛС, во насока на подобрување на функционирањето на сите општински совети за донесување на квалитетни одлуки од јавен интерес, беше главниот заклучокот од состанокот на членовите на Комитетот на советите при ЗЕЛС. Нагласена беше потребата за обезбедување на поголема самостојност во работењето на општинските совети. Присутните изнесоа повеќе дилеми околу иницијативите за професионализација на советничката функција, по примерот на пратениците во Собранието на РСМ, или професионализација само на функцијата на претседателот на Советот. Се дискутираше и за потребата од обезбедување на соодветна администрација која исклучиво ќе биде посветена за поддршка на работата на Советот. Беше изнесен предизвик од работењето на Советот, кога дневниот ред се надополнува на самата седница, со што Советот неподготвено се впушта во расправа или одлучување, без претходна соодветна подготовка за дополнетата тема. Присутните ја нагласија важноста за општинските советници од поддршката на ЗЕЛС.





# 3 ЗЕЛС ТРЕНИНГ ЦЕНТАР (ЗТЦ) И ЗЕЛС ЕДИНИЦА ЗА ПОДДРШКА НА ЕЛЕКТРОНСКИТЕ УСЛУГИ (ЗЕПЕ)

## ЗЕЛС ТРЕНИНГ ЦЕНТАР (ЗТЦ)

*Една од стратегиските цели на ЗЕЛС е континуирано усовршување и надградување на капацитетите на општинската администрација. За тоа е задолжен ЗЕЛС тренинг центарот (ЗТЦ) преку кој се спроведуваат обуки, работилници, советувања и конференции што ги организира ЗЕЛС. Обуките се реализираат во согласност со претходно утврдена „Годишна програма за обуки на ЗТЦ" која е резултат на претходно спроведени консултации со членовите на професионалните мрежи во ЗЕЛС, составени од општинска администрација. Во 2022 година ЗЕЛС тренинг центарот реализира: 6 работилници, 17 обуки, едно советувања, 3 онлајн обуки, 2 учења преку практична примена, еден форум и една конференција на кои биле опфатени 1.500 лица од општинската администрација, општинските совети, други организации. Обуките се одржуваа најчесто како еднодневни, во ЗЕЛС Тренинг центарот. При реализација на обуките најголем предизвик е обезбедувањето на претставници од министерствата, кои се обврзани да обезбедат задолжително презентирање на сите нови закони или подзаконски акти пред административните служби кои ги имплементираат истите. Една од причините е што голем број приватни провајдери преземаат одредени тематски модули од ЗЕЛС, за одредена парична сума ги ангажираат претставниците од министерствата и потоа тие обуки им ги нудат на општините по доста високи цени.*

**Одржани активности за градење на општинските капацитети во 2022 година**

| Тема | Целна група | Период/ Место | Бр. на учес- ници | Вид на активност |
|---|---|---|---|---|
| Стекнување со овластување за водење постапка за отуѓување и давање под закуп на градежно земјиште во државна сопственост | Општинска администрација | ЗЕЛС и Испитен центар на Европски универзитет Скопје (февруари, март, ноември, декември) | 93 | Обука и испит (теорија + пракса) |
| Воспоставување на дневни центри како услуги за поддршка на семејството и услуги кои се базирани во заедницата | Општинска администрација | Онлајн ЗООМ платформа(јануари 2022) | 6 | обука |
| Кластери за примена на социјални пристапи (Дневни центри, форум за социјален дијалог и подигнување на свеста во заедницата) | Општинска администрација | 21 декември 2021 – 02 мај 2022 | 3 | Учење преку практична примена на социјални пристапи (компонента на кластерите за учење) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Измени на Законот за даноци на имот | Општинска администрација | Онлајн ЗООМ платформа (2 февруари 2022) | 90 | работилница |
| Права и обврски за имателите на информации согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер | Секретари/ раководители | Онлајн ЗООМ платформа(7 февруари 2022) | 23 | обука |
| Интегрирање на родовата перспектива во локалните политики | Советници од Општина Пробиштип и дел од општинска администрација | Општина Пробиштип, 17 февруари 2022 | 17 | обука |
| Низ надлежностите на новоизбраните членови на советите на општините | Општински советници | Онлајн ЗООМ (22-24 февруари 2022) | 291 | обука |
| Воспоставување на мобилни тимови за испорака на основни социјални услуги до ранливите категории во нивното непосредно окружување | Општинска администрација | 14 февруари – 14 март 2022 | 3 | Е-курс |
| Закон за градење | Општинска администрација | Р. Ореов Лад, Скопје 02 март 2022 | 40 | советување |
| Интегрирање на родовата перспектива во локалните политики | Советници од Општина Чашка и дел од општинска администрација | Општина Чашка, 30 март 2022 | 11 | обука |
| Инклузивно управување со ризици од катастрофи | Општинска администрација | Онлајн, 22 март – 19 април 2022 | 5 | Е- курс |
| Улогата на општинскиот совет за социјална заштита во процесот на креирање на локални политики засновани на докази" | Општинска администрација | ЗЕЛС, 5 и 14 април 2022 | 50 | обука |
| WoMEN LEAD- Зајакнување на Комисиите за еднакви можносту- законска рамка, права и обврски на комисиите" | Општински советници | Струга, 6 мај, 2022 | 70 | обука |
| Како до родово разделени податоци | Општинска администрација | ЗЕЛС, 26 мај 2022 | 19 | обука |
| Знаење, заштита и вреднување на старите урбани јадра во Северна Македонија и Албанија„ | Општинска администрација | Општина Охрид, 9 мај 2022 | 23 | работилница |
| Управување со стаклена амбалажа во Западен Балкан | Општинска администрација од 6 општини, претставници од комунални претпријатија, фирми што собираат стакло | ЗЕЛС, 19 мај 2022 | 19 | работилница |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Одржливо управување со отпад на локално ниво | Општинска администрација, претставници од МЛС и МЖСПП, претставници од планските региони, СИДА | Охрид, 25 мај 2022 | 25 | работилница |
| Тематски форум „Промовирање на наоди од социјално мапирање" | Претставници на општините Битола, Кочани и Струмица, советници, институции, граѓански организации | Битола, Кочани и Струмица<br>13 април, 27 мај, 30 мај 2022 | 60 | Тематски форум |
| Закон за инспекциски надзор во животна средина | Мрежа за животна средина на ЗЕЛС | ЗТЦ,Скопје, јуни- септември 2022 | 78 | обука |
| Регионален настан за размена на кластерите за учење SoRi, Скопје | Општинска администрација | Х. Хилтон, Скопје13-15 јуни 2022 | 9 | работилница |
| Инвестирање во локални социјални услуги | Општинска администрација | Х.Мериот, Скопје<br>30 јуни 2022 | 35 | обука |
| „Промовирање на принципите на демократско управување„ | Општинска администрација | Охрид 19-21 септември и Гевгелија 17-19 октомври 2022 | 47 | обука |
| „Примена на начелата на Архуската конвенција на локално ниво" | Општинска администрација | ЗЕЛС, 25-28 октомври 2022 | 36 | работилница |
| „Сертификација на форумски модератори" | Пријавени на јавен оглас | ЗЕЛС 31 октомври-01 ноември, 2022 | 23 | обука |
| „Развој на социјални услуги" | Претставници на општини | Скопје,31 октомври 2022 | 34 | обука |
| Превенција и заштита на жртвите на родово базирано насилство на локално ниво | Општинска администрација | ЗЕЛС, 15 ноември 2022 | 35 | обука |
| Закон за управување со отпад, Закон за проширување на одговорностите на производителот за управување со посебни типови на отпад и Закон за управување со пакување и отпад од пакување | Општинска администрација, | ЗЕЛС 25 ноември 2022 | 55 | обука |
| Управување со отпад од стаклена амбалажа во Западен Балкан | Општинска администрација | ЗЕЛС 29 ноември- 2 декември 2022 | 56 | обука |
| Закон за управување со води | Мрежа на животна средина на ЗЕЛС | ЗТЦ Скопје, декември 2022 | 42 | обука |
| Проект за поврзување на локални патишта финансиран од Светска банка | Општинска администрација | 19-23 септември 2022 | 202 | работилница |
| **ВКУПНО** | | **1.500** | | |





Управување со отпад од стакло на
Западен Балкан








ЗАКОН ЗА ГРАДЕЖНО
ЗЕМЈИШТЕ














## ЗЕЛС ЕДИНИЦА ЗА ПОДДРШКА НА ЕЛЕКТРОНСКИТЕ УСЛУГИ (ЗЕПЕ)

*ЗЕЛС единицата за поддршка на електронските услуги за општините (ЗЕПЕ) е административна единица преку која се овозможува забрзано реализирање на една од приоритетните стратегиски цели на ЗЕЛС, а тоа е поддршка на нејзините членки на патот на создавањето на „е-општина". Оваа единица, едновремено, во името на сите општини, го врши одржувањето, како и обезбедувањето на непречено користење на информациските системи од страна на општините. Преку овие системи се зголемува ефикасноста во работењето на општините, економичноста во трошењето на општинските ресурси и се обезбедува поголема транспарентност на локалната власт.*

Преку информацискиот систем www.gradezna-dozvola.mk општините во 2022 година издадоа 2395 одобренија за градење, а преку информацискиот систем за електронско јавно наддавање за спроведување на постапката за продажба и давање под закуп на недвижни и движни ствари www.e-stvari.mk имаа 69 објави за аукции.

Во системот градежно земјиште www.gradezno-zemjiste.mk, во 2022 година се поднесени вкупно 1640 барања за откуп, по пат на непосредна спогодба и одржани се 149 аукции за отуѓување по пат на јавно наддавање. Испратени барања за интервенции до МТВ за: е-градежно земјиште – 68, а за е-одобрение за градење - 7. Вкупно интервенции во е-дозвола согласно Правилникот за начинот за постапување на администраторот во е-одобрение за градење - 68.

***Во делот „ЗЕЛС е-услуги" се поставени следниве системи:***

1. Електронска платформа за градежно земјиште www.gradezno-zemjiste.mk, со која сите постапки утврдени во Законот за градежно земјиште се спроведуваа исклучиво електронски, преку овој сајт.

2. Софтверска апликација за следење на роковите од склучените договори за отуѓување на градежното земјиште, сопственост на РСМ www.rdgz.mk.

3. Софтвер за електронско издавање на одобрение за градење www.gradezna-dozvola.mk.

4. Софтверска алатка www.e-stvari.mk за електронско јавно наддавање за спроведување на постапката за продажба и давање под закуп на недвижни и движни ствари.

5. Електронска платформа www.rob.zels.org.mk за размена на информации од преземени активности на локално ниво од областа на родовата еднаквост.











# 4 ПРОЕКТИ, КОНФЕРЕНЦИИ, ДОМАШНА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА



### СРЕДБИ ЗЕЛС -ВЛАДА

Во текот на 2022 година беа реализирани три средби на претставници од ЗЕЛС со претставници од Владата на РСМ, на кои генерално се дискутираше за изнаоѓањето на взаемно прифатливи решенија за справување со предизвиците од енергетската криза со кои се соочуваат општините. Првата средба беше организирана на 18 јануари, 2022 година, на која беа презентирани предлог –мерките што ги утврди ЗЕЛС како можни решенија за справување со кризата, а беа презентирани и конкретни податоци на сметки од општините, повисоки за пет и повеќе пати, споредено со претходниот период. Конкретни решенија не беа донесени, освен што Владата упати барање до општините да направат ребаланс на буџетот за обезбедување на дополнителни средства за плаќање на зголемените трошоци.

Втората средба се одржа на 30 март, 2022 година, меѓу членовите на Управниот одбор на ЗЕЛС со претседателот на Владата на РСМ, Димитар Ковачевски, заменик-претседателот на Влада задолжен за економски прашања и со министрите за: финансии, за економија и за локална самоуправа. Повторно се дискутираше за предлог- мерките што ЗЕЛС ги достави во јануари. На средбата беше нагласено дека општините не бараат помош, туку заедничко решавање на овој предизвик во интерес на сите граѓани и дека состојбата во која сега се наоѓаат е резултат на долгогодишната лоша фискална политика на Владата кон општините. Беше нагласено дека предложените измени во Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, не даваат никаква надеж за подобрување на финансиската стабилност на општините. Беа разгледани и Систематизираните ставови на ЗЕЛС во кои се опфатени сите предизвици со кои се соочува локалната власт при спроведувањето на префрлените надлежности. Владата и на оваа средба декларативно се изјасни дека ќе се обиде да изнајде решенија за посочените предизвици, а во однос на енергетската криза побара од ЗЕЛС да обезбеди и да ги достави до Министерството за економија, податоците од општините за реалната потрошувачка на електричната енергија за сите институции во надлежност на општините, вклучително и за уличното осветлување и висината на цената по 1 KW што секоја општина ја постигнала во договорот за снабдување на овој енергенс. Беше посочено дека Владата потоа ќе излезе со предлог модели што ќе обезбедат дополнителна додадена вредност, а не со директна финансиска поддршка.

Третата средба беше одржана во август, на која, освен за енергетската криза се дискутираше за иницијативата за измени во Законот за комунални такси, во членот 20, тарифен број 10 , како и за неопходноста за обезбедување на бесплатни податоци од Агенцијата за катастар на имот, кои се однесуваат на имателите на објекти, што се предмет на даночење од општината.






## ОДБЕЛЕЖАН ЈУБИЛЕЈОТ - „ЗЕЛС 50 ГОДИНИ ЗАЕДНО СО ОПШТИНИТЕ"

Под мотото „ЗЕЛС 50 години заедно со општините", на 26 април, 2022 година свечено беше одбележана педесетгодишнината од основањето на ЗЕЛС. На овој датум, во 1972 година било одржано основачкото собрание на тогашната Заедницата на општините и градовите на Македонија (ЗОГМ). Затоа, „26 Април", во Статутот на ЗЕЛС е утврден како „Ден на ЗЕЛС и Ден на општините".

За историскиот развој, за актуелните предизвици и за приоритетите за натамошниот развој на ЗЕЛС, пред присутните градоначалници и претставници од Комитетот на советите при ЗЕЛС, како и присутните значајни личности кои со своите заложби придонеле за досегашниот развој на ЗЕЛС и на процесот на децентрализацијата на власта во нашата земја, говореше претседателката на ЗЕЛС, Данела Арсовска. На свеченоста се обратија и Претседателот на Владата на РСМ, Димитар Ковачевски, амбасадорката на Соединетите американски држави, Кејт Мери Брнз и претставникот на Делегацијата на Европската Унија во нашата земја, Штефен Худолин, раководител на Сектор за соработка. Амбасадорот на Република Франција во нашата земја, Н.Е. Сирил Бомгартнер со своето присуство на настанот ја потврди долгогодишната поддршка што оваа земја и ја дава на нашата држава и на локалните власти во неа. Свечениот настан беше збогатена и со изложба на цртежи од ученици од четврто одделение од основните училишта кои творея на темата - „Мојата општина- мој сакан дом".





## СОВЕТУВАЊЕ ЗА ПРЕДИЗВИЦИТЕ ОД ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ИЗМЕНИТЕ ВО ЗАКОНОТ ЗА ДАНОЦИ НА ИМОТ

Преку електронска платформа за комуникации, во организација на ЗЕЛС, на 2 февруари, 2022 година беше одржано советување за финансиските работници од општините за предизвиците од имплементацијата на измените во Законот за даноци на имот. Присутните 90 финансиски работници, од околу 70 единици на локална самоуправа побараа од претставници од Министерството за финанси да го објаснат наведениот поимот „неискористен имот" односно да посочат на кој начин да се утврди таквиот имот, а беа поставувани и низа други прашања.

## СОВЕТУВАЊЕ ЗА ОПШТИНСКИТЕ СОВЕТНИЦИ

Претседателите на советите од сите општини, како и советници- координатори на застапените политички партии во општинскиот совет присуствуваа на онлајн средбите (од 22 до 24 февруари, 2022 година) што ги организираше ЗЕЛС. Ова активност се реализира традиционално, после секој спроведен циклус на локални избори. Целта е советниците да добијат прелиминарни информации и да се запознаат со надлежностите на локалната самоуправа, финансирањето, локалниот економски развој, организацијата на општината и обврските и одговорностите на

Советот на општината, како и со структурата и активностите на ЗЕЛС. Дополнителна алатка за секој советник е и „Прирачникот, водич низ надлежностите на новоизбраните градоначалници и членови на советите на општините" што го подготвува Стручната служба на ЗЕЛС , од кој добиваат по еден бесплатен примерок.



## СРЕДБА НА ОВЛАСТЕНИТЕ ГРАДЕЖНИ ИНСПЕКТОРИ СО ПРЕТСТАВНИЦИ ОД РЕЛЕВАНТНИ ИНСТИТУЦИИ ОД ОВАА ОБЛАСТ

ЗЕЛС организираше работна средба во Скопје, (02 март, 2022 година) на околу четириесетина овластени градежни инспектори од општините со претставници од: Државната комисија за одлучување од втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочна постапка, Државниот градежен инспекторат, Инспекцискиот совет и Секторот за управно надзорни работи за одлучување во втор степен од Министерство за транспорт и врски. Беа изнесени предизвици во вршењето на инспекциски надзор во областа на градежништво на локално ниво и предизвици во имплементирањето на Законот за градење и Законот за општа управна постапка. Нагласена беше потребата за враќање на авторитетот на институцијата – инспектор; зголемување на бројот на инспекторите во општините; намалување на разновидноста на обврските и обезбедување на поголема флексибилност во законските услови за следење на обуки за добивање на лиценца на градежен инспектор.

## СОВЕТУВАЊЕ ЗА НАЈНОВАТА ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА ВО ОБЛАСТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Претставниците од областа на животната средина од општините имаа советување со претставник од Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) од секторот за отпад, каде се говореше за процесот на воспоставување на регионално управување со отпадот и за најновата законска регулатива која претставува солидна основа за обезбедување на услови за приклучување кон европските стандарди што водат кон развој на циркуларната економија и обезбедуваат проширена одговорност на производителите на отпад (вкупно шест закони). Посебно внимание беше посветено на Законот за управување со отпад (*Службен весник на РСМ* бр. 2016/21); на Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад и на Законот за управување со пакување и отпад од пакување (*Службен весник на РСМ* бр. 215/21).



## ЗЕЛС ОБЕЗБЕДИ 25 СЕРТИФИЦИРАНИ ФОРУМСКИ МОДЕРАТОРИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ОПШТИНИТЕ



ЗЕЛС во 2022 година организираше обука, а потоа спроведе и писмен и устен испит за кандидатите што се пријавија на огласот што го објави ЗЕЛС за стекнување на сертификат за форумски модератор. Членовите на комисијата сметаат дека 25 кандидати ги исполнија условите да се стекнат со лиценца и можат да дадат голем придонес за квалитетно спроведувањето на форумските сесии, граѓанска алатка институционализирана во приближно 70 општини во земјава. Најголемиот број од пријавените кандидати имаа претходно повеќегодишно практично искуство во организација и водење/модерирање на форумските сесии. Сертификатот е со важност од пет години.

## „ПРОМОВИРАЊЕ НА РЕГИОНАЛНА СОРАБОТКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПЛАНОВИ ЗА ОДРЖЛИВА УРБАНА МОБИЛНОСТ ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН (ПРОСУМП)"

Во рамките на Проектот „Отворен регионален фонд за Југоисточна Европа – енергија, транспорт и заштита на климата (ORF-ETC) што во нашата земја е поддржан од страна на ЗЕЛС, а

го спроведува GIZ во име на германската влада, со кофинансирање од Европската Унија беше отворена компонента „Промовирање на регионална соработка за спроведување на планови за одржлива урбана мобилност во земјите од Западен Балкан (ПроСУМП)". Во таа насока, на почетокот на февруари, 2022 година, ЗЕЛС објави јавен повик, на кој интерес за учество поднесоа 9 општини а две од нив: Велес и Охрид ги исполнија утврдените критериуми. Се обезбедува поддршка за создавањето на услови за систематски процес на имплементација на планови за оддржлива урбана мобилност (ПОУМ), регионална соработка и размена на искуства за примена на ПОУМ земјите од Западен Балкан..




## ТРИ ПРОЕКТА ЗА ЈАКНЕЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ ЗА ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА СООДВЕТНИ СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ

За јакнење на општинските капацитети за имплементирање на соодветни социјални услуги ЗЕЛС учествуваше во три проекти. Во рамките на Проектот **„Зајакнување на локалните капацитети за спроведување на Агенда 2030 и принципот „Никој да не биде изоставен"** беа организирани три кластери за примена на социјални пристап, три онлајн курсеви како и три тематски форуми -„Промовирање на наоди од социјално мапирање" за општинската администрација, советници, соодветни институции и граѓански организации. Беше организирана и регионална работилница во Скопје, за размена на кластерите за учење SoRi. Проектот е имплементиран од ЗЕЛС и НАЛАС, во соработка со GIZ, а во име на Германското Федерално Министерство за економска соработка и развој.

Вториот проект **„Поддршка на модернизација и деинституционализација на социјалните услуги"** е финансиран од Делегацијата на ЕУ, а се спроведува од Регионалната канцеларија на ЕПТИСА за Југоисточна Европа, во конзорциум со CARE, во директна соработка со Министерството за труд и социјална политика на РСМ и ЗЕЛС. Во рамките на проектот, беа одржана обуки на тема „Инвестирање на локални социјални услуги" и „Развој на локални социјални услуги"; 12 општини добија менторска поддршка за развивање на локални социјални планови, а околу 45 претставници од општините се стекнаа со сертификати за оваа област .

ЗЕЛС, се вклучи и во регионалниот проект **„Проширување на моделите за вклучување на малцинствата и зајакнување на испораката на услуги во општинските структури во Западен Балкан"** што се имплементира во нашата земја и во Србија, Босна и Херцеговина, Косово и Албанија. Целта е да се зајакнат капацитетите на општинската администрација за примена на социјални пристапи за управувањето со различности. Проектот е имплементиран од НАЛАС – Мрежа на асоцијации на локални власти од ЈИЕ и ЗЕЛС, во соработка со GIZ, а во име на Германското Федерално Министерство за економска соработка и развој (BMZ).

## „УПРАВУВАЊЕ СО СТАКЛЕНА АМБАЛАЖА НА ЗАПАДЕН БАЛКАН"- РЕГИОНАЛЕН ПРОЕКТ ВО ПАРТНЕРСТВО СО ЗЕЛС

ЗЕЛС, во соработка со Германското друштво за интернационална соработка (ГИЗ) беше партнер во имплементацијата во нашата земја на регионалниот проект „Управување со стаклена амбалажа на Западен Балкан". Проектот беше финансиран од Сојузното министерство за економска соработка и развој

на Германија (BMZ) и од компанијата ПАКОМАК (Македонија), во рамките на програмата за соработка со бизнис секторот develoPPP.de. Вклучени општини од нашата земја беа: Битола, Гевгелија, Илинден, Тетово, Штип и Град Скопје (Аеродром и Гази Баба) и уште 8 градови и општини од Босна и Херцеговина и од Србија. Во рамките на проектот нашите општини бесплатно добија вкупно 320 контејнери за рециклирање на стаклена амбалажа. Беше изработена и спроведена Методологија на следење на собирањето и проценка на ефектите во пилот- општините. Беше подготвен и отпечатен Водич што претставува алатка за сите општини што се заинтересирани да воспостават ефикасен и економски исплатлив систем за управување со стаклена амбалажа, да ги искористат упатствата и искуствата содржани во него. Во рамките на проектот континуирано беше реализирана ПР кампањата, а беше спроведено и истражување „Ефектите на маркетинг кампањата за подигање на свеста на граѓаните за значењето на собирањето и рециклирањето на стаклена амбалажа".

ЗЕЛС организираше национална работилница, а потоа обезбеди и дисеменација на резултатите од проектот пред претставниците од општинската администрација од областа на животната средина и пред претставници од комуналните претпријатија. Беа презентирани трите бизнис-модели за исплатливо и економично управување со отпад од стакло (во урбана средина, во рурална средина и во секторот ХОРЕКА,) дефинирани по спроведувањето на проектните активности. Проектот (2021-2022) заврши во декември, со регионална конференција „Ѕвончето те повикува -рециклирај стакло", што се одржа во Белград.

## ЗАЕДНИЧКИОТ КОНСУЛТАТИВЕН КОМИТЕТ МЕЃУ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И КОМИТЕТОТ НА РЕГИОНИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА (ЗКК)

*Заедничкиот консултативен комитет меѓу Република Северна Македонија и Комитетот на регионите на Европската Унија е тело формирано уште во 2008 година со цел да ја подготвува основата за проширување на ЕУ преку унапредување на политичкиот дијалог и соработка меѓу локалните власти од Северна Македонија со членките од ЕУ. Средбите на ова тело се одржуваат два пати во годината, наизменично во Брисел и во Скопје. Заедничкиот комитет брои вкупно 22 делегати, од кои 11 претставници од нашата земја (градоначалници и советници) и исто толку делегати од општините и регионите од земјите од ЕУ. Седниците ги водат двајца ко- претседавачи, по еден од секоја страна.*

### ОДРЖАНИ ДВА СОСТАНОКА НА ЗКК *(6 ЈУЛИ, 2022 ГОДИНА, БРИСЕЛ И 24 НОЕМВРИ, ВО СКОПЈЕ)*

Заедничкиот консултативен комитет меѓу Република Северна Македонија и Комитетот на региони на Европската Унија (ЗКК) го одржаа деветнаесеттиот состанок во Брисел, во рамките на манифестацијата - „Ден на проширување" (6 и 7 јули, 2022 година) а дваесеттиот состанок беше одржан во Скопје, во организација на ЗЕЛС, на 24 ноември, 2022 година На првиот состанок претставниците од ЗЕЛС говореа за заглавениот процес на децентрализација во нашата земја, за недоволната комуникација меѓу локалната и централната власт и за недоволното финансирање на општините, кое ни приближно не е во согласност со Европската повелба за локална самоуправа. На двата состанока беше изнесена иницијативата на ЗЕЛС, при оценувањето на напредокот на нашата земја за влез во Европската Унија, да се додаде нов, посебен кластер -„степен на реализацијата на децентрализацијата и реформите во системот на локалната самоуправа". Пред присутните беше изнесен ставот на Европската комисија за подготвеност на нашата земја, без одложување, да почне со преговорите, каде првиот чекор е скринингот на европското законодавство, а 80% од законите всушност се имплементираат на локално ниво. На секој од состаноците се дискутираше за уште по една дополнителна тема и тоа на првиот беше темата за младите и претприемништвото, а втората темата на дваесеттиот состанок беше посветена на енергетската криза во Европа и што македонските општини можат и треба да прават да се надмине состојбата. На состанокот одржан во Скопје, на делегатите им се обратија и министерот за локална самоуправа, Ристо Пенов и Амбасадорот, Дејвид Гир, шеф на Делегацијата на Европската Унија во нашата земја.





# 5 ИНФОРМИРАЊЕ НА ЧЛЕНСТВОТО И ЈАВНОСТА

*ЗЕЛС редовно ги информира своите членки и јавноста за сите преземени активности, донесени одлуки, резултатите од лобирањето, спроведувањето на проекти, изработените анализи и студии, како и за реализираните обуки и работни средби. Исто така, до општините доставува и информации изработени од други институции што се поврзани со надлежностите на локалната власт. При утврдувањето на активностите, ЗЕЛС во континуитет црпи информации од своите членки, па затоа се залага за обезбедување на квалитетна двонасочна комуникација со општините. Во насока на обезбедување на поголема транспарентност во своето работење, ЗЕЛС користи повеќе алатки, меѓу кои се:*



**Веб-локацијата на ЗЕЛС (www.zels.org.mk)** која во 2022 година била посетена 15.175 пати. Информациите се поставуваат на македонски, на албански и на англиски јазик. Се објавуваат сите активности и записници на управните тела на ЗЕЛС, на мрежите при ЗЕЛС, средбите и комуникациите со централната власт и со меѓународните организации, одржаните конференции и советувања, како и сите публикации што ги подготвува ЗЕЛС.

**Секојдневно доставување на информации до општините по електронски пат.** ЗЕЛС има подготвено база на електронски адреси од сите општини на кои им доставува информации кои се од важност за работењето на локалните власти. Општините, на тој начин, навремено и точно се информираат за сите преземени активности на ЗЕЛС, но и за оние на централната власт, а кои се однесуваат на локалното владеење и децентрализацијата во земјава. По електронски пат сè повеќе се разменуваат ставови и предлози за разрешување на предизвиците со кои се соочуваат општините, а што произлегуваат од комисите, професионалните мрежи, општинската администрација, но, и мислења во однос на предлог-закони или програми доставени од централната власт.



**Контакти со медиумите.** Соработката со медиумите се реализира континуирано. ЗЕЛС редовно доставува соопштенија до сите медиуми за сите актуелности од работењето на Заедницата, одговара на прашањата од новинарите, поставени преку електронска пошта или телефонски и свикува прес-конференции на кои ги пласира ставовите на ЗЕЛС или предизвиците на општините.

**Публикации**

ЗЕЛС изготвува весник – „Гласило на ЗЕЛС" и во 2022 година издаде девет печатени изданија. Гласилото се испраќа директно до општините, како бесплатен примерок што го добиваат сите советници, сите градоначалници, како и членовите на Владата на РСМ и пратениците во Собранието на РСМ. Во него се изнесуваат сите активности на телата на ЗЕЛС, покренати законски иницијативи, реализирани проекти, конференции, средби, организирани тематски обуки за општинската администрација и се што е од важност за




























општините. Гласилото се подготвува и печати во македонско-албанска јазична верзија, а македонско-англиската верзија се изработува само во електронска форма. И двете верзии се поставуваат на веб-страната на ЗЕЛС www.zels.org.mk

**„Годишен извештај на ЗЕЛС за 2021 година"**

ЗЕЛС го публикуваше Годишниот извештај на ЗЕЛС за 2021 година, што претставува еден од начините на обезбедување на поголема транспарентност во работењето на Заедницата. Ова публикација беше издадена на македонски и на албански јазик, а во електронска форма публикувана и на англиски јазик. Годишниот извештај претставува уште една дополнителна алатка преку која ЗЕЛС го прикажува работењето на органите и телата на Заедницата, реализацијата на стратегиските цели, активностите за зајакнување на капацитетите на општинската администрација преку ЗЕЛС тренинг центарот, како и поддршката што ја добиваат општините за спроведувањето на електронските услуги. Исто така, прегледно, преку табели се прикажани и приходите и расходите на ЗЕЛС за 2021 година, како и заклучокот од Ревизорскиот извештај за 2021 година. Извештајот е поставен на веб- страната на ЗЕЛС : www.zels.org.mk.



# 6 ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЗЕЛС ВО 2022 ГОДИНА

## РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАЈ

ECOVIS®
AUDIT MACEDONIA
1-1/10 Anton Popov, P.O. Box 462
1000 Skopje, Republic of Macedonia
Phone: +389 2 2 463 140
Fax-No: +389 2 2 462 063
E-mail: contact@ecovis.mk
www.ecovis.com

**Извештај на независниот ревизор**

**До основачите и Управниот Одбор на ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - ЗЕЛС Скопје**

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од Годишната сметка на Заедницата на единиците на локална самоуправа на Република Северна Македонија – ЗЕЛС Скопје (во понатамошниот текст ЗЕЛС на РСМ), кои што го вклучуваат Билансот на состојба на ден 31 декември 2022 година и Билансот на приходи и расходи, како и објаснувачките белешки и прегледот на значајните сметководствени политики за годината што завршува на тој датум.

***Одговорност на Раководството за финансиските извештаи***

Раководството е одговорно за изготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи согласно Законот за сметководство на непрофитни организации. Оваа одговорност вклучува: креирање, имплементирање и одржување на внатрешна контрола релевантна за изготвување и објективно презентирање на такви финансиски извештаи кои не содржат материјално значајни погрешни прикажувања било како резулатат на измама или грешка; избор и примена на соодветни сметководствени политики и донесување на разумни сметководствени проценки соодветни на околностите.

***Одговорност на ревизорот***

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на извршената ревизија. Ние ја извршивме ревизијата во согласност со Меѓународните Стандарди за Ревизија кои што се прифатени во Република Северна Македонија. Тие стандарди бараат наша усогласеност со етичките барања, како и тоа ревизијата да ја планираме и извршуваме на начин кој ќе ни овозможи да стекнеме разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.
Ревизијата вклучува спроведување на процедури со цел стекнување ревизорски докази за износите и објавувањата во финансиските извештаи. Избраните процедури зависат од проценката на ревизорот и истите вклучуваат проценка на ризиците од материјално погрешно прикажување во финансиските извештаи, без разлика дали тие се настанати поради измама или грешка. При овие проценки на ризиците, ревизорот ја зема во предвид внатрешната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи на ЗЕЛС на РСМ Скопје со цел креирање на такви ревизорски процедури кои ќе бидат соодветни на околностите, но не и за целта за изразување мислење за ефективноста на внатрешната контрола на ЗЕЛС на РСМ Скопје.

MEMBER OF THE FORUM OF FIRMS

3

Ревизијата, исто така вклучува и оценка на соодветноста на применетите сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на Раководството како и оценка на севкупната презентација на финансиски извештаи.

Ние веруваме дека стекнатите ревизорски докази се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

**Основа за мислење со резерва**

Како што е опишано во белешка 13 со состојба на 31 декември 2022 година ЗЕЛС на РСМ има евидентирано вкупно побарувања во износ од 29,612 илјади денари. Со ревизорска постапка потврдување на салда со конфирмации од надворешна страна побарано е да се конфирмираат побарувања во вкупен износ од 26,105 илјади денари, а потврдени се 9,825 илјади денари. Ние не бевме во состојба со алтернативни постапки да се стекнеме со разумно уверување за износот на побарувањата од купувачи. Вкупната грешка на ниво на побарувања е 16,280 илјади денари.

***Мислење со резерва***

Според наше мислење, освен на ефектите од прашањата наведени во пасусот „основа за мислење со резерва" финансиските извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти, финансиската состојба на ЗЕЛС на РСМ, на ден 31 декември 2022 година, како и нејзината финансиска успешност, за годината што завршува на тој датум, во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации.

**Нагласување на прашање**

Како што е опишано во белешка 13а со состојба 31 декември 2022 година, побарувањата од купувачи изнесуваат 29,612 илјади денари (2021: 27,326 илјади денари). Во овој износ се вклучени побарувања постари од една година во вкупен износ 23,254 илјади денари (2021: 21,588 илјади денари), за кои постои неизвесност во поглед на нивната наплатливост и остварување на потенцијални приходи. За дел од овие побарувања постари од една година ЗЕЛС има потпишано спогодби за плаќање на рати со општините.

Нашето мислење не е квалификувано во однос на горенаведеното прашање.

Скопје, 05 април 2023 година
Овластен ревизор,
Елена Адамова

ECOVIS® AUDIT MACEDONIA
Друштво за ревизија
ЕКОВИС АУДИТ МАКЕДОНИЈА
ДОО Скопје

ДРУШТВО ЗА РЕВИЗИЈА
ЕКОВИС АУДИТ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје
Управител,
Кирил Андоновски

MEMBER OF THE FORUM OF FIRMS

4

| РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАЈ | | |
|---|---|---|
| ДАТУМ | ОЗНАКА | БРОЈ |
| 05.04.2023 | Е.А | 05-4/27 |

# СТРУКТУРА НА ПРИХОДИ ОСТВАРЕНИ ВО 2022 ГОДИНА

| **Приходи според извори** | **денари** | **Учество во вкупни приходи во %** |
|---|---|---|
| Приходи од членарина | 13,547,516.00 | 75.27 |
| Приходи од проекти | 1,240,538.00 | 6.89 |
| Приходи од камата и позитивни курсни разлики и приходи врз основа на уредба | 894,235.00 | 4.97 |
| Приходи од извршени услуги | 2,317,339.00 | 12.87 |
| **Вкупно** | **17,999,628.00** | **100.00** |



# РАСХОДИ ВО 2022 ГОДИНА

| Расходи | денари | Учество во вкупни расходи во % |
|---|---|---|
| Трошоци за материјали ( канцелариски материјал, потрошен материјал, средства за хигиена) | 94,366.00 | 0.37 |
| Трошоци за енергија (струја, парно, вода) | 1,211,350.00 | 4.79 |
| Трошоци за пошта, телефон, интернет услуги | 546,803.00 | 2.16 |
| Трошоци за одржување на системот на е- услуги, услуги за сервис и поправки | 6,381,150.00 | 25.26 |
| Услуги за дизајнирање и печатење | 786,208.00 | 3.11 |
| Услуги за превоз | 51,052.00 | 0.20 |
| Трошоци за репрезентација (функционален трошок) | 2,394.00 | 0.01 |
| Трошоци за службени весници, огласи, објави | 136,392.00 | 0.54 |
| Трошоци за организирање на собрание, конференции, семинари, обуки (сместување, опрема и храна) | 1,870,868.00 | 7.41 |
| Регистрација на возила, премии за осигирување на опрема и возила | 93,266.00 | 0.37 |
| Банкарски трошоци | 43,805.00 | 0.17 |
| Интелектуални услуги (надокнада за елаборати, експерти, услуги за ревизија, нотарски услуги ) | 185,680.00 | 0.73 |
| Трошоци за меѓународна соработка (членарина, котизација ) | 606,411.00 | 2.40 |
| Трошоци за службен пат (трошоци за ноќевање, патни сметки, авио билети) | 37,754.00 | 0.15 |
| Бруто плати, надоместоци и други примања на вработени | 12,683,831.00 | 50.21 |
| Набавка на ИКТ опрема, софтверски апликации и друга техничка опрема | 180,441.00 | 0.71 |
| Даноци што не зависатот од резултатот, негативни курсни разлики, вратени средства од проект | 352,224.00 | 1.39 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | **25,263,995.00** | **100.00** |




- Трошоци за материјали (канцелариски материјал, потрошен материјал, средства за хигиена)
- Трошоци за енергија (струја, парно, вода)
- Трошоци за пошта, телефон, интернет услуги
- Трошоци за одржување на системот на е-услуги, услуги за сервис и поправки
- Услуги за дизајнирање и печатење
- Услуги за превоз
- Трошоци за репрезентација (функционален трошок)
- Трошоци за службени весници, огласи, објави
- Трошоци за организирање на собрание, конференции, семинари, обуки (сместување, опрема и храна)
- Регистрација на возила, премии за осигурување на опрема и возила
- Банкарски трошоци
- Интелектуални услуги (надоknада за елаборати, експерти, услуги за ревизија, нотарски услуги )
- Трошоци за меѓународна соработка (членарина, котизација )
- Трошоци за службен пат (трошоци за ноќевање, патни сметки, авио билети)
- Бруто плати, надоместоци и други примања на вработени
- Набавка на ИКТ опрема, софтверски апликации и друга техничка опрема
- Даноци што не зависатот од резултатот, негативни курсни разлики, вратени средства од проект

# РЕАЛИЗАЦИЈА НА ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЗЕЛС ВО 2022 ГОДИНА

| ПРИХОДИ | Планирано во 2022 година | Реализирано во 2022 година | % |
|---|---|---|---|
| Вишок на приходи од минатата година | 8,087,870.00 | 7,264,367.00 | 89.82 |
| Приходи од членарина | 16,180,240.00 | 13,547,516.00 | 83.73 |
| Приходи од проекти | 3,067,530.00 | 1,240,538.00 | 40.44 |
| Приходи од извршени услуги | 1,230,360.00 | 2,317,339.00 | 188.35 |
| Приходи од камата, курсни разлики и приходи врз основа на уредба | 150,000.00 | 894,235.00 | 596.16 |
| ВКУПНО ПРИХОДИ | 28,716,000.00 | 25,263,995.00 | 87.98 |
| **РАСХОДИ** | **Планирано во 2022 година** | **Реализирано во 2022 година** | **%** |
| Трошоци за материјали ( канцелариски материјал, потрошен материјал, средства за хигиена) | 685,000.00 | 94,366.00 | 13.78 |
| Трошоци за енергија (струја, парно, вода) | 1,500,000.00 | 1,211,350.00 | 80.76 |
| Трошоци за пошта, телефон, интернет | 365,000.00 | 546,803.00 | 149.81 |
| Трошоци за одржување на системот на е- услуги, услуги за сервис и поправки | 7,946,000.00 | 6,381,150.00 | 80.31 |
| Услуги за дизајнирање и печатење | 1,350,000.00 | 786,208.00 | 58.24 |
| Услуги за превоз | 60,000.00 | 51,052.00 | 85.09 |
| Трошоци за репрезентација (функционален трошок) | 30,000.00 | 2,394.00 | 7.98 |
| Трошоци за службени весници, огласи, објави | 230,000.00 | 136,392.00 | 59.30 |
| Трошоци за организирање на собрание, конференции, семинари, обуки (сместување, опрема и храна) | 1,600,000.00 | 1,870,868.00 | 116.93 |
| Регистрација на возила, премии за осигурување на опрема и возила | 150,000.00 | 93,266.00 | 62.18 |
| Банкарски трошоци | 80,000.00 | 43,805.00 | 54.76 |
| Интелектуални услуги ( надокнада за елаборати, експерти, услуги за ревизија, нотарски услуги) | 450,000.00 | 185,680.00 | 41.26 |
| Трошоци за меѓународна соработка | 950,000.00 | 644,165.00 | 67.81 |
| Бруто плати, надоместоци и други примања на вработени | 13,200,000.00 | 12,683,831.00 | 96.09 |
| Набавка на ИКТ опрема, софтверски апликации, друга техничка опрема | 120,000.00 | 180,441.00 | 150.37 |
| Даноци што не зависат од резултатот, негативни курсни разлики, вратени средства од проекти | 0.00 | 352,224.00 | 0.00 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | **28,716,000.00** | **25,263,995.00** | **87.98** |

# 7 СТРУЧНА СЛУЖБА НА ЗЕЛС

Извршен директор
**Душица Перишиќ**

Заменик извршен директор и раководител на одделението за односи со јавноста, обуки и услужни дејности
**Ардита Дема-Мехмети**

Раководител на одделението за нормативно-правни, материјално-финансиски и административни работи
**Виктор Арнаудоски**

Советник за односи со јавноста
**Весна Арсовска-Динковска**

**ЗЕЛС Тренинг центар (ЗТЦ)**

Советник-координатор за обуки
**Ивана Серафимова**

Советник-координатор за обуки
**Ирена Николов**

Советник-координатор за обуки
**Благородна Шопова**

**ЗЕЛС единица за поддршка на „е – општини“ (ЗЕПЕ)**

Советник за информатичка технологија
**Никола Тодоровски**

Советник за информатичка технологија
**Карина Доневска**
(од 05 јануари, 2022)

**ЗЕЛС правна поддршка (ЗПП)**

Советник за нормативно-правни прашања
**Наташа Вртеска**

Самостоен административно-технички референт
**Темјана Митревска**

Техничко лице – Возач
**Дејанчо Ташков**

Советник за материјално-финансиско работење
**Андријана Бабушку**

Советник преведувач
**Арта Абази**

Советник преведувач
**Славе Чорбев**

Техничко лице-хигиеничар
**Јуца Димитриевска**

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ЗЕЛС ЗА 2022 ГОДИНА**

**За издавачот:** Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија – ЗЕЛС

**Извршен директор:**
Душица Перишиќ

**Адреса на издавачот:** ЗЕЛС, ул. „Копенхагенска" бр. 5
ПФ 32,1000 Скопје, Република Северна Македонија
Тел:02/3099033, Факс: 02/3061994
e-mail:contact@zels.org.mk
www.zels.org.mk

**Уредник:**
Весна Арсовска-Динковска

**Фотографии:** од Фото архива на ЗЕЛС
**Илустрација:** 230 x 200 mm

**Лекторирал:** Валентина Великова
**Дизајн и печатење:** Европа 92, Кочани
**Тираж:** 100 примероци

**Година на издавање:** април, 2023 година

**Место на издавање:** Скопје

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

352.075.7(497.7)"2022"(047)

ГОДИШЕН извештај : 2022 / [уредник Весна Арсовска-Динковска]. - Скопје : Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија - ЗЕЛС, 2023. - 38 стр. : илустр. ; 23 см

ISBN 978-608-4856-11-5

а) Заедница на единиците на локалната самоуправа -- Македонија -- 2022 -- Извештаи

COBISS.MK-ID 60241413

ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ
НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
тел. +389 (0)2 30 99 033 / факс: +389 (0)2 30 61 994
ул. Копенхагенска бр.5, п.фах 32, 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
www.zels.org.mk / contact@zels.org.mk